Funded by the European Union
Финансирано од Европска Унија

Република Северна Македонија НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia OMBUDSMAN

Децата на 1-во место! Stand up 4 Children Rights!

ФОНДАЦИЈА ЗА ОБРАЗОВНИ И КУЛТУРНИ ИНИЦИЈАТИВИ
FOUNDATION FOR EDUCATION AND CULTURAL INITIATIVES
ЧЕКОР ПО ЧЕКОР • STEP BY STEP
Educating children. Strengthening professionals. Building the future.

Децата на 1-во место! / Stand up 4 Children Rights!

# ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО НАШИТЕ УЧИЛИШТА

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## од

## Истражување за информираноста за Конвенцијата за правата на детето, ученичкото учество и безбедноста во основните училишта во РСМ

**КОНТАКТ ИНФО:**

**Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“**
Бул. „Партизански одреди“ бр.72-а мезанин, Скопје
Тел./факс: +389 2 3077 900
www.stepbystep.org.mk
Сузана Пецаковска, проектна менаџерка Suzana.pecakovska@stepbystep.org.mk
Наташа Анѓелеска, проектна менаџерка natasa@stepbystep.org.mk

**Народен правобранител**
ул. „Македонија“ бр.19 Скопје
тел: 389 02 129 327, 389 02 129 335
www.ombudsman.mk
E-mail: contact@ombudsman.mk
Васка Бајрамовска-Мустафа, државен советник vbmustafa@ombudsman.mk

*Истражувањето се спроведе од страна на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ во соработка со Народниот правобранител / Одделението за правата на децата во рамки на проектот Децата на 1-во место! со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината е одговорност на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“и не нужно ги одразува ставовите на ЕУ.*

## ВОВЕД

Во годината кога нашата држава одбележува 30 години од ратификување на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (во понатамошниот текст: Конвенцијата), Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, заедно со народниот правобранител, реализираше сеопфатно истражување за правата на детето. Истражувањето се реализира како дел од проектот „Децата на 1. место!“ финансиран од Европската Унија (Тематска програма за човекови права и демократија). Општата цел на проектот е да го поддржи и промовира почитувањето на правата на детето, како предуслов за демократски училишни заедници, кои градат и негуваат активни и одговорни граѓани.

Целта на ова истражување беше да ги испита ставовите и мислењата на учениците, на наставниците и на родителите од основните училишта во државата со македонски, албански, турски, босански и српски јазик на настава за познавањето и почитувањето на Конвенцијата и нејзината примена во училиштата, како и да дојде до сознанија за состојбите и практиките во училиштата во поглед на учеството на учениците во донесувањето одлуки, безбедноста и насилството во училиште, во онлајн-просторот и во нивното потесно опкружување.

Методологијата на истражувањето опфати: 1) Канцелариско истражување и анализа на релевантни документи, законска рамка и стратешки документи, кои се однесуваат на правата на децата; 2) Електронска анкета со ученици, наставници и родители, која се спроведе со учество на претставници од различни основни училишта од сите региони во Македонија; и 3) Три фокус-групи со ученици, наставници и родители. Во анализата на документацијата беа вклучени вкупно 27 документи, и тоа: закони, стратешки документи, акциски планови, програми, концепти, извештаи, анализи и медиумски написи, кои беа проценети како релевантни. Преку анкетата беа опфатени 648 ученици од 75 основни училишта од седмо до деветто одделение, 325 наставници од предметна настава од 79 училишта од 39 општини и 541 родител. Прашалниците за сите три групи испитаници беа преведени на сите јазици на настава (македонски, албански, турски, српски и босански јазик). Исто така, во истражувањето беа спроведени и три фокус-групи во кои беа вклучени вкупно 10 родители, 12 наставници и 16 ученици. Примерокот се реализираше според методот на примероци без случаен избор и со застапеност на соодветна распределба на испитаниците по пол, возраст, региони и етничка припадност.

Наодите, заклучоците и препораките од овој извештај треба да им послужат на сите чинители, вклучително и централната и локалната власт, образовните власти, другите државни институции, граѓанските организации, училиштата, наставниците и родителите, за подобрување на политиките и практиките поврзани со правата на детето во државата.

## ИНФОРМИРАНОСТ И ПОЗНАВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

**Во оваа тематска област се истражуваше општото познавање на правата на детето и Конвенцијата за права на детето од страна на учениците, наставниците и родителите, нивните перцепции и ставови околу важноста на одредени права за децата, како и нивното почитување и примена во училиштен контекст.**

Учениците вклучени во истражувањето се **запознаени/информирани за Конвенцијата за правата на детето** (во понатамошниот текст: Конвенција), при што таквите сознанија најчесто ги добиваат во рамки на формалната настава, т.е. за време на часовите. Речиси половина од учениците (48,3 %) изјавиле дека се запознаени со Конвенцијата, додека делумно се запознаени 37 % од учениците. Ваквиот податок укажува дека, сепак, има дел ученици за кои е потребно понатамошно запознавање со правата на детето преку формални и неформални активности. Најголем дел од родителите, исто така, се запознаени со Конвенцијата (47 %), додека, пак, 94 % од наставниците изјавуваат дека ја користат Конвенцијата во својата работа.

Според учениците, **правата на детето генерално се почитуваат** во училиштето (просечна вредност е 3.87 на скала каде што 1 = воопшто не се почитуваат, а 5 = целосно се почитуваат). Родителите се согласуваат со ставот на учениците (средна вредност 3.76), додека, пак, ставот на наставниците е дека правата на детето целосно се почитуваат во училиштето (средна вредност 4.61). Мнозинство од учениците и родителите генерално сметаат дека наставниците имаат знаења за правата на детето, како и дека ги почитуваат правата на детето во училиштето и ги поддржуваат децата во остварување на нивното право на учество. Сепак, и покрај постоење на одредено ниво на знаење кај наставниците за правата на детето, учениците како и родителите изјавуваат дека наставниците имаат потреба од континуирани обуки за подобро запознавање со правата на детето.

Наставниците високо се самооценуваат кога станува збор за нивното **познавање и примена на правата на детето**, како и познавањето на образовни политики со кои се регулираат правата на децата. Тие изјавуваат дека имаат речиси комплетни знаења за правата на децата, дека ги почитуваат правата на децата во целост и имаат знаења за образовните политики со кои се регулираат правата на децата. Наставниците се малку покритични околу знаењата на своите колеги наставници, па

сепак сметаат дека и тие имаат добри знаења за правата на децата, речиси целосно ги почитуваат нивните права и ги познаваат образовните политики со кои се регулираат правата на децата. За раководството на училиштата, наставниците сметаат дека значително го поддржува учеството на децата во одлучувањето, како и дека успешно ги применува политиките на училиштето со кои се регулираат правата на детето. Исто така, наставниците сметаат дека учениците во нивното училиште се многу добро запознаени со правата на детето.

Според повеќе од половина од наставниците (51,7 %), **правата предвидени во Конвенцијата се делумно застапени во наставните програми и материјали** според кои тие работат. Ваков став кај наставниците се забележува уште кај претходни истражувања – спроведувани од 2009 година па наваму и тој став и денес останува непроменет. Овој податок укажува дека и покрај информираноста и напредокот во познавањата на правата на детето и кај децата, но и кај образовниот кадар и родителите, сепак е потребно натамошно приспособување на содржините од Конвенцијата во наставните планови и програми според возраста на учениците.

За најголем дел од децата вклучени во истражувањето, **најважно право** е правото на живот (42 %). Понатаму следуваат правото да кажат што мислат (19 %) и правото за заштита од насилство (13 %). Од друга страна, пак, речиси една третина од учениците изјавуваат дека им било **прекршено некое право во училиштето** и тоа најчесто прекршувани права се правата на учество во донесување одлуки (36 %), правото на децата да кажат што мислат (32,5 %) и правото на заштита од насилство (18,9 %). Ова упатува на заклучокот дека оние права што на децата им се најважни се и најчесто прекршувани во училишната средина, како и дека училиштето во одредена мера им ја скратува слободата на децата да кажат што мислат и да учествуваат во донесувањето одлуки.

Стручните служби во училиштата, согласно со нивните законски обврски и права на дејствување, се прва инстанца и со тоа директно најодговорни за постапување во случај на прекршување на правата на детето. Сепак, истражувањето покажа дека **довербата на учениците и родителите во стручните служби** е ниска. Имено, најголем дел ученици (32,9 %) и мнозинство родители (68,4 %) имаат најмногу доверба во одделенскиот раководител и кај него прво би се обратиле во случај на повреда на некое право на детето, по што следува директорот на училиштето, а на трето место според степенот на доверба се стручните служби.

## ПОЧИТУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО НА ДЕТЕТО

**Во рамки на оваа тематска област се истражуваа вклученоста и механизмите за учество на децата во одлучувањето (претседателот на одделение и ученичкиот парламент) и механизмите за заштита на правата на детето во училиштето, како што е ученичкиот правобранител.**

**Се провери и перцепцијата (познавањата/мислењето) на учениците, наставниците и родителите за народниот правобранител, како национален механизам и орган што ги штити правата на граѓаните, вклучително и правата на детето.**

Учениците имаат различни перцепции околу начинот на кој се донесуваат **одлуките во училиштето**. Најголем дел од нив (28 %) сметаат дека одлуките возрасните ги донесуваат заеднички со учениците, но исто така, еден дел (22 %) укажуваат дека возрасните одлучуваат, при што децата не се прашани и вклучени. Кај наставниците и родителите доминираат позитивни перцепции дека децата треба да бидат вклучени во одлучувањето, но исто така и дека во практиката има ситуации во кои децата не секогаш се вклучени во одлучување.

Наставниците изјавуваат дека често го бараат мислењето на учениците кога се донесуваат одлуки поврзани со наставата. Практиките на **вклучување на претставници на учениците во училишните тела** не укажуваат на доследна и суштинска примена на правото на учество на учениците во донесување одлуки, согласно со Законот за основно образование. Според 42 % од наставниците, наставничките совети ги консултираат учениците понекогаш (три и повеќе пати). Истиот став наставниците (32 %) го имаат и за вклучувањето на учениците од страна на училишниот одбор. Генерално, не постојат редовност и систематичност во учеството на децата во работата на наставничкиот совет, училишниот одбор и советот на родители. Ова го потврдуваат и искуствата на учениците што генерално не знаат или не се информирани како нивните претставници се вклучени во училишните тела.

Значајно мнозинство ученици (86 %) **го препознаваат и практикуваат своето право на учество** при избор на претседател/претседателка во нивното одделение. Иако мнозинство од учениците (52 %) потврдуваат дека избор на претседател/претседателка се спроведува согласно со законските барања, сепак, искуствата на 48 % од учениците покажуваат дека **изборот на претседател/ка на одделението** не се врши според утврдената постапка во Законот и Водичот за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на правата на детето во основните училишта, туку на некои други начини. Во однос на другите опции за учество во одлуки како што се: содржина на наставата, избор на место за екскурзија, потреба од дополнителни едукативни активности, годишна приредба и сл., евидентно е дека искуството на учениците да учествуваат во овој тип одлуки е значително помало. Наставниците, пак, известуваат за повеќе видови одлуки во кои ги вклучуваат учениците, како на пример, квалитетот на редовната настава, учество во разни комисии за пофалби и награди на ученици, избирање на изборни предмети, избор на воннаставни активности, секции, избор на наставник на годината, за квалитет на оценување, превоз на учениците, разрешување на конфликтни ситуации, избор на мени за организиран

оброк, за еколошко уредување на училиштето и училниците и сл.

Учениците немаат практика да иницираат активности во училиштето. Податоците покажуваат **ниско ниво на активизам,** при што многу мал дел од учениците, само 13 %, изјавиле дека иницирале некоја активност или проект насочени кон подобрување на животот во училиштето. Сепак, позитивно е тоа што мнозинство родители (64 %) поддржуваат нивното дете да биде активно во воннаставните активности во училиштето.

Во однос на ученичкото организирање, мнозинство ученици (57 %) изјавиле дека во нивното училиште редовно се **избира ученички парламент**. Сепак, речиси една третина од учениците изјавуваат дека не се информирани околку изборот на ученички парламент, што укажува на недостаток на транспарентност или непостоење на постапка за избор на парламент. Од друга страна, 285 од 298 училишта (или 95.64 %) вклучени во истражувањето на народниот правобранител[1] од 2021 г. дале поразлични одговори, изјавувајќи дека имаат формирано ученички парламент. Ова укажува на потребата за поголема информираност на учениците, односно поширока промоција и поголема вклученост на сите училишни фактори при формирање на ученичкиот парламент.

Во однос на **функционалноста на ученичките парламенти,** учениците и наставниците имаат различни видувања. Речиси половина од учениците (46,1 %) не знаат дали наставниците се вклучуваат во поддршка на работата на ученичкиот парламент, додека, пак, од друга страна повеќе од половина од наставниците (52 %) изјавуваат дека наставниците во нивното училиште редовно обезбедуваат значајна поддршка на ученичкиот парламент. На овие наоди се надоврзува и фактот дека речиси половина од наставниците (45,5 %), иако прилично се самоуверени во своите знаења околу примена на правото на учество на децата во училиштето, во последните 3 години воопшто не учествувале на обука поврзана со правото на учество на децата во донесувањето одлуки во училиштата, додека 43,1 % понекогаш учествувале (една до две обуки). Вредно е да се напомене дека ваквите обуки најчесто се реализираат од граѓански организации.

Понатаму, мал дел од учениците (16 %) се вклучени во активности на ученичкиот парламент, а 40,6 % од учениците истакнуваат дека учеството во работата на ученичкиот парламент е ограничено само на претседателите на заедниците на паралелки, поради што поголемиот дел од нив и не се инволвирани во работата на парламентот. Постои мотив и желба кај учениците да се вклучат во работата на ученичкиот парламент, при што како најпотребен тип поддршка им е понатамошната едукација околу Конвенцијата. Речиси половина од учениците изјавуваат дека не знаат дали ученичкиот парламент учествува во училишните тела, што покажува дека има **потреба од зголемено информирање** на учениците за улогата на ученичкиот парламент, степенот на учество на парламентот во училишните тела, како и информации од исходот на учеството. Трите групи испитаници имаат слични видувања за тоа кои се трите најголеми придобивки од практикувањето на учеството во донесување одлуки, при што најчесто ги наведуваат: градењето демократска свест кај учениците, независност и самодоверба и донесување информирани одлуки во однос на идно образование, кариерен пат, вработување.

Во однос на **ученичкиот правобранител,** како механизам за заштита на правата на детето во училиштето, загрижува податокот дека мнозинство ученици (60 %) изјавиле дека во нивното училиште нема, или не знаат дали има ученички правобранител. Спротивно на ова, 79 % од

[1] Народен правобранител на Република Северна Македонија, Посебен извештај на народниот правобранител за степенот на почитувањето и остварувањето на правото на децата/учениците во основните училишта за ученичкото организирање и учество преку воведување на ученички парламент и ученички правобранител, Скопје ноември 2021 година, достапно на: https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Posebni%20izvestai/2021/Poseben%20izvestaj-Ucenicki%20parlament-11.2021.pdf

училиштата што биле вклучени во истражувањето спроведено во 2021 г. од страна на народниот правобранител (види фуснота 1) изјавиле дека имаат воспоставено ученички правобранител. Ваквата разлика во податоците го покренува прашањето за начинот на избор на ученичкиот правобранител и учеството на учениците во тој процес, како и за потребата од поголема информираност на учениците за механизмот ученички правобранител. Исто така, овој наод укажува на потребата од подобрување на примената на Законот за основно образование. Понатаму, наставниците и учениците укажуваат на **недоволна функционалност** на ученичкиот правобранител, како модел за заштита на правата на детето во училиштето додека, пак, како најфункционална форма на учество го/ја истакнуваат претседателот/претседателката на одделенската заедница.

Учениците во истражувањето истакнуваат дека тие или нивни соученици поднеле **претставки до народниот правобранител** за повреда на некое право, со што покажуваат дека го препознаваат како механизам за заштита на правата на детето. Имено, 32 ученици или околу 5 % изјавиле дека поднеле претставка за некое повредено право до народниот правобранител, додека 61 ученик или околу 10 % изјавиле дека знаат некој соученик и/или другар што поднел претставка за некое повредено право до народниот правобранител преку своите родители. Дополнително, и родителите имаат позитивен став и би поднеле претставка до народниот правобранител доколку е прекршено некое право на нивното дете во училиштето. Ова е во корелација и со тоа што институцијата народен правобранител го нотира во своите годишни извештаи. Имено, децата односно младите, за разлика од претходно, сами поднесуваат претставка до народниот правобранител за заштита на определено право или, пак, за барање совет во врска со некое право. Но и понатаму, најголемиот број од претставките ги поднесуваат родители/старатели или други роднини, училишта или граѓански организации. Сепак, бројките покажуваат дека улогата на народниот правобранител во заштитата на правата на детето сѐ уште не е доволно промовирана.

**Инклузијата во училиштата** не е применета соодветно, како што предвидуваат Законот за основно образование и Концепцијата за инклузивно образование. Иако училиштата прават напори за обезбедување на пристапност, како и материјали за учење за оваа категорија ученици, за жал, според учениците, училиштата не располагаат со адаптирани тоалети за лицата со попреченост ниту, пак, поставуваат знаци на подот и ѕидовите за лицата со оштетен вид. Училиштата делумно обезбедуваат услови за учење на јазиците на етничките заедници. Учениците (61 %) укажуваат дека училиштето нема материјали за учење на јазиците на етничките заедници во училишната средина, а повеќе од половина ученици (52,6 %) сметаат дека училишната библиотека нема литература на јазиците на етничките заедници во училишната средина.

## БЕЗБЕДНОСТ И НАСИЛСТВО

**Во рамки на оваа тематска област се истражуваа перцепциите, ставовите, познавањата и искуствата на децата, наставниците и родителите за постоењето на различни видови насилство во училиштето, вклучително и насилството на интернет, кои деца се јавуваат како жртви на насилство и како насилници, реакцијата и механизмите за пријавување на насилство во училиштата.**

Истражувањето покажа дека постои **насилство во основните училишта**. Ова го потврдуваат 43,4 % од учениците, додека наставниците, иако во помал дел, сепак потврдуваат дека насилството е присутно во училиштата. Загрижувачки е фактот дека од вкупно 648 вклучени ученици во истражувањето, 298 ученици или 46 % изјавиле дека биле жртви на насилство. За најголемиот дел од учениците (40,7 %), најчест **облик на насилство** е вербалното насилство, по што следуваат телесното повредување и емоционалната злоупотреба. Фактот што учениците различно се изјаснуваат околу постоење на насилство во различни ситуации укажува дека учениците сè уште не знаат да препознаат различни типови врсничко насилство или не се чувствуваат безбедно да изјават дека постои насилство. Наставниците и родителите, пак, сметаат дека најзастапени видови насилство се социјалното и вербалното насилство. Според наодите за сите три групи испитаници, **причините за насилство** се многу слични: докажување сила, проблеми во однесувањето, како и покажување доминантност пред другите и љубомора.

Според сите три групи испитаници, еднакво и момчињата и девојчињата се јавуваат како **жртви на врсничко насилство**. Ова го изјавуваат 59,1 % од учениците, 75,4 % од наставниците, како и 80 % од родителите. Според учениците, дете што најчесто е изложено на насилство е повлечено/интровертно дете, потоа дете што потекнува од сиромашно семејство, па дете со попреченост. И родителите имаат идентичен став, додека наставниците истакнуваат дека и хиперактивните деца се, исто така, помеѓу најизложените деца на насилство. Причините поради кои попреченоста, социо-економската состојба, односно сиромаштијата се јавуваат како фактор за насилство, а сиромашните и децата со попреченост мета на насилници, се прашања што заслужуваат посебно внимание и подлабока анализа.

Според половина од учениците, момчињата најчесто се **сторители на насилство**, додека, пак, преостанатите 44 % од учениците, како и наставниците и родителите, сметаат дека момчињата и девојчињата еднакво вршат насилство. Според учениците, доминантен профил на сторители на насилство се децата од богато семејство, додека, пак, според наставниците и родителите, тоа се хиперактивните деца. Како сторители на насилство, кај сите три групи испитаници се јавуваат и децата со слаб успех.

Во однос на **реакцијата на надлежните во училиштата** во случаите на насилство, наставниците и учениците

имаат различни ставови. Имено, повеќе од една третина од учениците (37,2 %) сметаат дека одговорните служби во училиштето не реагираат целосно соодветно и навремено на случаите на насилство. Од друга страна, пак, речиси две третини од наставниците изјавуваат дека надлежните во училиштето соодветно и навремено реагираат при случаи на насилство. Родителите се поделени по ова прашање. Ваквата состојба на наоди укажува дека пристапот и правилата на постапување во случаите на насилство не се доволно познати како за учениците така и за родителите.

Според наставниците, најфункционален **механизам за пријавување на насилство** е пријава до раководителот на паралелка (82%), па пријава до педагогот (72 %), како и пријава кај директорот (37 %). Понатаму, мнозинство наставници (85,8 %) изјавуваат дека би пријавиле насилство врз учениците до народниот правобранител доколку сметаат дека случајот не може да се реши во рамки на училиштето. Речиси половина од родителите не знаат дали во училиштето каде што учи нивното дете има развиени **политики и правилници** за превенција и спречување на насилство. Особено загрижува податокот што 64 % од наставниците не знаат дали има развиени политики и правилници за превенција и спречување на насилство во нивното училиште.

Само мал дел од наставниците (11,4 %) континуирано учествува на **обуки** поврзани со превенција и спречување на насилство во училиштата (повеќе од 3 обуки) во последните 3 години. Речиси половина (44,3 %) никогаш не учествувале на таква обука, додека истиот процент 44,3 % учествувале на една до две обуки во изминатите три години. Родителите во најголем дел не биле вклучени во вакви обуки. Оваа тема за обука е дел од Каталогот на обуки на Бирото за развој на образованието, но вакви обуки често се организираат и преку проекти поддржани од меѓународни и локални донатори.

Во однос на **безбедноста на учениците во сајбер-просторот,** интересно е дека децата и родителите имаат различни ставови, пред сè, околу користењето на интернетот. Така, повеќе од половина ученици (56 %) изјавуваат дека немаат забрана или ограничување за користење на интернет, додека, пак, мнозинството родители поставуваат забрани или ограничувања за користење на интернет на своето дете. Загрижува наодот според кој употребата на интернетот од страна на учениците е најчесто за забава и игра (29,6 %) или за комуникација со другари (25 %). Само 13,9 % го користат интернетот за учење и истражување.

Повеќето ученици можат да препознаат **вознемирување на интернет**, па сепак еден дел од учениците сè уште не можат да препознаат вознемирување на интернет, како што е непристојна комуникација од познати или непознати лица. Анализата покажува дека многу мал дел од учениците биле вознемирувани на интернет во последната година. Наставниците и родителите препознаваат вознемирување на интернет, но во овој случај, клучна е добрата комуникација со децата за потенцијалното дигитално насилство да биде соодветно препознаено и пријавено.

**КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ**

Имајќи ги предвид наодите и заклучоците од спроведеното истражување, се препорачува:

- да се продолжи со **континуирана и фокусирана обука и информирање за Конвенцијата и за правата на детето** кај сите три групи испитаници. Обуките треба да бидат сеопфатни како во поглед на содржината, така и во поглед на вклученост на сите училишни фактори и сите деца. Посебен фокус треба да се стави на обуката за правото на учество на децата во донесувањето одлуки;

- училиштата и наставниците треба да овозможат **информирање и запознавање на децата со сите механизми преку кои се остваруваат правата на детето** во училиштен контекст, како и механизмите преку кои учениците имаат можност да пријават прекршување на правата. Посебен фокус треба да биде ставен на улогата на стручните служби и ученичкиот правобранител во ситуации на прекршување на правата на учениците, за на тој начин учениците, но и родителите подобро да се запознаат со тоа што е во надлежност на стручните служби, за да ја зајакнат довербата во нив;

- **да се продолжи со вклучување на повеќе тематски содржини за Конвенцијата** во рамки на постојните, но и во други предмети и слободни ученички активности;

- запознавањето со правата на детето треба да се вгради како **експлицитен аспект на иницијалното образование на наставниците на наставничките факултети,** за да се овозможи сите наставници да бидат запознаени со тоа што значи пристап базиран врз детски права (child rights based approach) и што значи примена на принципот за најдобар интерес на детето во нивната (идна) работа и наставна практика;

- Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат да воведат **поголема контрола врз примената на одредбите од член 65 во Законот за основно образование**, за да се осигура дека ученичкото учество суштински се применува во практика. Притоа воспоставувањето претставнички тела на учениците во училиштата (претседател на клас, ученички парламент), како и на механизмите за заштита на правата (ученички правобранител), треба да биде во согласност и доследна примена на *Водичот за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на правата на детето во основните училишта*;

- да се поддржат основните училишта во практичната имплементација на правото на учество на децата во донесувањето одлуки преку **обезбедување континуирана финансиска, техничка, менторска и друга системска поддршка** во воспоставување на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител. Училиштата во рамките на своите буџети можат, исто така, да одвојат одредени средства за работа на ученичкиот парламент, како и да обезбедат посебна просторија за функционирање на парламентот и ученичкиот правобранител. Ученичкиот парламент треба да се развие во динамичен модел што ќе биде отворен за вклучување на сите заинтересирани ученици;

- да продолжи **партнерството со граѓанските организации** и нивната поддршка на училиштата преку програми, обуки и други активности насочени кон јакнење на капацитетите на сите чинители за промоција, заштита и унапредување на правата на детето;

- учениците и целиот кадар треба **поблиску да се запознаат со улогата и мандатот на народниот правобранител**, како и со начинот и формата на поднесување претставка за прекршено право. Училиштата се охрабруваат за поголемо користење на механизмот

народен правобранител за заштита на правата на детето, како и негово вклучување во училишни активности;

- се препорачува училишните раководства, наставниот кадар, стручните служби и родителите да соработуваат, со цел **подобра примена на Концепцијата за инклузивно образование** и подготовка на програми за зајакнување на инклузивноста на училиштата. За финансирање на ваквите програми се препорачува училиштата да соработуваат со општините и со локалните бизниси и компании;

- Бирото за развој на образованието да продолжи да испорачува **обука на наставници со теми од областа на насилството**;

- Бирото за развој на образованието детално да им го претстави на сите училишта и сите засегнати страни ***Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување***. Истовремено да се прави редовна проверка од страна на Државниот просветен инспекторат на примената на укажаните постапки во *Упатството*;

- училиштата треба **да се заложат за редовно следење и известување за појавите на насилство**, не само до надлежните институции (општина, МОН, Влада) туку и генерално овие наоди да бидат достапни до јавноста преку посебен дел во годишните извештаи на училиштата;

- годишните извештаи и планирани активности од *Националното координативно тело за заштита и превенција на деца од злоупотреба и занемарување* **да бидат јавно и лесно достапни,** со цел да се има увид во трендовите на појава, но и во начините на справување и превенција од насилство;

- зголемување на свесноста меѓу учениците **за видовите насилство на интернет** и спроведување обуки за безбедност и заштита на личните податоци на интернет преку соработка со експерти од областа и со помош на граѓански организации;

- креирање упатства и алатки за зголемена **употреба на интернетот во реализација на наставните содржини преку истражување**, генерирање информации и податоци и нивна употреба во наставата.